Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ПРОЕКТИ ОД ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

*Ана Цветковска - Панова*



Биро за развој на образованието

**Прирачник за наставата по изборниот предмет**

# ПРОЕКТИ ОД ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

*Ана Цветковска - Панова*



Биро за развој на образованието

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
Весна Хорватовиќ, директор

**Уредник:**
Митко Чешларов

**Редакција:**
Таше Стојановски

**Лектура:**
Сузана Стојковска

**Дизајн и печат:**
Кома, Скопје

**Тираж:** 400

Скопје, 2008 година

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.3:73/76 (035)

ЦВЕТКОВСКА - Панова Ана
Прирачник за наставата по изборниот предмет Проекти од ликовна уметност : основно образование / Ана Цветковска - Панова. – Скопје : Биро за развој на образованието. 2008. – 32 стр. : илустр. ; 23 cм

ISBN 978-608-206-001-9

а) Проекти од ликовна уметност – Основно образование – наставни методи – Прирачници
COBISS.MK – ID 74002186

* Печатењето на прирачникот е со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ, Скопје

## ВОВЕД

Потребите на современиот живот наложуваат сè поквалитетно образование со широки хоризонти на знаења и способности кои треба да ги стекнуваат учениците. Наставата по задолжителните предмети во основното образование не ги исцрпува можностите за едукација и обука на младите, туку се неопходни и други изборни и вонннаставни активности на учениците.

На таков начин ќе се поттикнува нивната индивидуалност, иницијативност, способност за организација на работата. Учениците се оспособуваат за создавање визија за задачата која треба да ја остварат се поттикнува флексибилното мислење во барањето квалитетни решенија и ангажираноста на единката од почетокот, па сè до завршните работи на проектната задача, соработка со други стручни лица и колеги од училиштето и вон од него, користење на разни капацитети (дизајнерски и проектански бироа, производни погони, ателјеа на уметници итн.). Проектните активности бараат наставникот во менторската работа да изнаоѓа други методолошки решенија за постигнување на целите. Тој треба да покажува умешност за поразновидна организација на работата, создавање на поголема доверба и послободна и неформална соработка со учениците, родителите и други лица, флексибилна комуникација и др.

Глобална тенденција на проектните активности е поттикнување на иницијативата и самостојното ликовно (теоретско или практично) творење и развој на креативните способности на ученикот и ширење на културата преку користење на училишните и надворешните ресурси (стручни лица, установи, здруженија, музеи, дизајнерски бироа и др.). Дел од ликовната продукција на учениците ќе биде наменета за обликување на естетскиот амбиент на ентериерот и екстериерот на училиштето. Притоа важна е и соработката со другите секции и наставни предмети во збогатување на културниот живот на училиштето (ликовно уредување на сцената и костимографија за одредена претстава за патрониот празник или друга пригода, дизајнирање на училишниот весник и сл.)

Процесот на остварувањето на проектната активност ги содржи постапките на откривање на ликовната идеја, планирање на работата, организација и реализација на замислата при што се користат новите сознанија од полето на ликовните уметности и користење на современата технологија - Интернет во собирање на податоци и компјутер во изработката на скици или идејни решенија за графичкиот дизајн.

Проектните активности ќе се спроведуваат со организација на работата во одделни фази почитувајќи ги законитостите на настанувањето на ликовното дело:

- воочување на ликовниот проблем и критичка процена на информациите;
- инкубација, опуштање, фантазирање, дивергентно мислење, игра;
- креативна игра (илуминација) (изработка на скици, комбинации, истражување, дефинирање на ликовната идеја);
- реализација во материјал на ликовната идеја;
- верификација – проценување на постигнатиот резултат.

Проектните задачи содржат фази на реализацијата кои ќе бидат насочени кон

- проекција на замислата во вид на теоретска поставеност (хипотеза, односно елаборација на идејата – ликовната замисла кога се работи за ликовно – творечка работа), избор на материјали, простор и др.

* Истражувачка работа, набљудување, собирање на информации и создавање на белешки – изработка на

скици, соработка со други членови на групата, кога се работи за групна работа и др.

- Самостојна творечка работа на учениците и во областа на ликовната теорија или ликовната практика.

## НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ: ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ОД ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Проектните активности од ликовна уметност се составен дел од наставниот план на основното образование. Изборната настава од проекти по ликовна уметност е застапена со по два часа седмично во VI, VII или VIII одделение, така што учениците можат да го изберат овој предмет во VI или VII или VIII одделение.

Проектните активности со своите специфики овозможуваат задоволување на интересот на ученикот за ликовно творештво и комуникација, односно да дојдат до израз неговите природни афинитети за естетско доживување на природата, на ликовните и другите дела од уметноста. Овие форми на наставна работа придонесуваат преку ликовното творештво и културата да се развива индивидуалноста на ученикот, неговиот сензибилитет и емоционалната природа и ликовно –творечките способности.

Воедно проектните активности го надополнуваат општото воспитание и образование и овозможуваат поголема соработка со другите наставни области во училиштето и надвор од него. Наставата по ликовно образование и проектните активности со своите особености овозможуваат максимално и координирано да се развиваат менталните, психомоторните и емоционалните карактеристики на личноста на ученикот.

Слободата на избор на ликовни и други активности од културата е значаен фактор за покажување зголемен интерес, ангажираност и задоволство од постигнатиоит резултат. Спонтаното естетско проценување на постигнатиот резултат и доживување на ликовната или друга креација, односно отсуството на стандардно оценување и заведување на оценка, дополнително ги прави проектните активности примамливи за ученикот и придонесува за создавање опуштена атмосфера и задоволство.

Исто така, значаен е фактот дека преку интеграцијата со другите видови уметност (музика, танц, литература) и другите области на основното образование може во значителна мера да се збогати програмата за работа и афирмација на училиштето.

Статус на предметот: **изборен**

## ОПШТИ НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

- Годишниот фонд на часови е со обем од 72 часа во VI или VII или VIII одделение:

**а)** **15 часа** (ориентационо) кои наставникот ги користи за давање општи насоки за избор на медиум (ликовно подрачје, техника, правец и сл.), објаснenија за методологијата на работа, организацијата на спроведувањето на замислата, вршењето коректури во текот на творечкиот процес и насоки за презентација и образложение (теоретски осврт на остварената проектна задача);

**б)** **40 часа** (може и повеќе часови зависно од интересот на ученикот и обемот на проектната задача) кои учениците ги користат за изработување на проектните задачи и презентација на приказот на проектите. Во овој дел од работата особено ќе дојде до израз индивидуалната ангажираност на ученикот и слободата на творештво и можностите на соработка надвор од училиштето.

- Активностите се одвиваат во училиштето по слободен избор на ученикот под менторство на наставникот;
- користење на други институции за реализација на проектните активности доколку постојат во локалната средина.

**СОДРЖИНИ**

| ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | |
|---|---|
| **I. Ликовна теорија** | » Воведување во историјата на уметноста (воведни активности);<br>» ликовен јазик –елементи и принципи;<br>» ликовна критика (анализа на ликовни дела- техники и автори, индивидуални согледувања и мислења). |
| **II. Ликовна практика (реализација на ликовни творби во материјал)** | » Цртање;<br>» сликање;<br>» скулптура;<br>» графика;<br>» дизајн и визуелни комуникации (применета уметност). |

## ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Изборниот предмет *проекти по ликовна уметност* дава можности за интеграција со содржините од програмата по ликовно образование, како и со содржините од другите наставни предмети. Исто така, има можност за внатрешно интегрирање на содржините од проектните активности. Наставникот треба да им помогне на учениците да стекнат јасна претстава за фазите и чекорите во изработката на проектот (избор на тема, дефинирање на цел, формирање на тим, поделба на улогите, планирање на активностите, определување на временска рамка).

Во програмата се понудени неколку видови проекти од различни области (ликовна теорија и ликовна практика). Според посочените модели учениците и наставникот можат да направат проекти на кои ќе работат учениците. Изборот на проектите и одредувањето на нивниот број во една учебна година се прави според процена на можностите и афинитетите на учениците (на пример, преку претходно анкетирање на учениците). Времетраењето на еден проект го одредува наставникот според видот на проектот. При изготвувањето на временската рамка на еден проект наставникот треба да одреди неколку часа за завршната презентација. Во текот на годината еден ученик може да реализира до четири проекти.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ ЗАДАЧИ

Бидејќи во ликовно – творечката работа преовладува индивидуалната форма на работа може да се користат разни организациони можности: учениците паралелно да реализираат секој своја проектна задача во ист период во училиштето и надвор од него, а наставникот да врши коректури и друга советодавна работа.

# ЛИКОВНА ТЕОРИЈА

## I. Проект: ВОВЕДУВАЊЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТА

**Историјата на уметноста** е наука која го истражува и проучува развојот на ликовната уметност (цртеж, сликарство, вајарство-скулптура, графика, применета уметност и архитектура). Се занимава со истражување на односите помеѓу поединечни уметнички дела, животот и делото на поединечни уметници, со опишување на содржините и облиците на уметничките дела (иконографија, иконологија) како и со проучување на односите помеѓу различни култури земајќи ги во обѕир политичките, општествените, верските и националните услови.

*Денес историјата на уметноста одвоено ги проучува:*

- Историјата на западната уметност (Европа, Северна Америка и Австралија);
- африканаската уметност;
- азиската уметност;
- уметноста на претколумбовската Америка.

**ПОЈАВА И РАЗВОЈ**

Интересот за спомениците на културата се појавил уште во антиката (Витрувие), потоа се обновил во ренесансата (Леон Батиста Алберти, Лоренцо Гилберти и др.). Голем

придонес имале и животописците на уметниците (Џорџо Вазари, Ј. Вон Сандрарт и др.).

Јохан Јоахим Винклеман со делото „Историја на уметноста на стариот век" напишана 1764 година ги удрил темелите на модерната историја на уметност. Татко на модерната историја на уметноста многумина го сметаат Хајнрих Волфлин (1864-1945), кој бил студент на Бурхардт во Брисел. Тој воведува научен пристап на историјата на уметноста базиран на три концепти: најнапред ја користи психологијата, потоа воведува компаративна метода и на крајот ги проучува уметностите од гледиште на народите и нациите. Во текот на столетијата се менувале стиловите на визуелните уметности и тие разлики ги поддржувале промените во верувањата и традициите на луѓето паралелно со развојот на нивниот живот. Се менувале и материјалите, а тоа на уметниците им овозможувало да откриваат нови начини на истражување на светот кој ги опкружувал.

**ВРЕМЕНСКА ТАБЕЛА**

| ГОДИНА | ИСТОРИСКИ РЕПЕРИ |
|---|---|
| 30 000 пр.н.е. | Се создале најстарите уметнички дела. |
| 30 000 -10.000 пр.н.е. | Пештерска уметност. |
| Околу 5 00 пр.н.е. | Верно прикажување на човечките фигури кои ги создал народот Нок во западна Африка. |
| 100 пр.н.е. - 300 н.е. | Римското царство ја шири класичната уметност на дел од Европа. |
| 618 - 907 год. | Династија Танг, Кина: се развива традиција на сликање пејзажи. |
| 15 век | Почеток на ренесансата во Европа |
| 16 век | Мугхалската династија има власт во Индија па затоа масовно се ширело *минијатурното фигуративно сликарство*. |
| 17 век | Златно доба во сликарството во Холандија. |
| 19 век | Откриена е фотографијата. |
| 1860 -1890 год. | Во Франција се развива **импресионизмот.** |
| 20 век | Време на неверојатни разновидности на стилови во визуелните уметности, меѓу кои кубизмот (1907-1920), апстрактната уметност (1910-1950-тите), надреализам (1920-тите) и поп-арт (средина на 1950-тите). |

## ЗАПАДНОЕВРОПСКА УМЕТНОСТ

### Древна уметност

Предисториската уметност е период кога најстарите уметнички дела најчесто имале религиска или магиска намена: претстави на богови или за да му донесат на ловецот среќа во ловот на животните.

Во стариот Сумер (денешен Ирак) се развила месопотамиската уметност -богата уметничка традиција која траела три илјади години пр.н.е. и која влијаела на уметноста на стариот Египет. Овие две монументални религиски и владарски уметности подеднакво влијаеле на егејската уметност во Средоземјето.

Западноевропската уметност е продолжеток на традицијата на древниот свет, особено уметноста на стара Грција и Рим. Особено скулптурите создадени во тој период се реалистични, натуралистички.

### Средновековна уметност

Средновековната уметност се појавила уште во време на каролинската ренесанса, но својот врв го достигнала за време на првиот европски стил - романиката, а особено за време на готиката.

*Примери:*

**Леонардо да Винчи,** *Дама со хермелин*, Краков

**Караваџо,** *Христос го повикува Матеј*, Рим.

**Франциско Гоја,** *3. Мај 1808.*, Прадо, Мадрид.

### Ренесанса

По падот на Римското Царство христијанската цивилизација започнала да се развива во Европа, а класичната уметност се сметала за паганска. Во 15 век сликарите, скулпторите и архитектите започнале да ја оживуваат класичната уметност во создавањето на христијанските уметнички дела. Овој период се нарекува ренесанса, според францускиот збор кој значи „повторно раѓање". Се јавува во Италија, а на почетокот на 16 век се шири низ цела Европа, а во Италија во тој период се јавува и посебен уметнички стил - маниризам.

### Барок

Со терминот барок се означува стил во уметноста во 17 век. Се појавил во Рим, во средиштето на Католичката црква. Во 16 век Католичката црква се поделила на Римокатоличка и Протестанска. Од 17 век Католичката црква ја користела уметноста за ширење на својата мисла. За да биде прифатлива на гледачот, уметничкиот стил бил театрален и емоционален. Од сликарот се барало со помош на светлински ефекти (светло-сенка) да создава драматични контрасти, а од скулпторот да ги прикаже ликовите во динамични положби. За да постигнат такви ефекти уметниците морале да бидат многу вешти.

Барокот имал декадентен крај во стилот рококо.

### Неокласицизам

Неокласицизмот е уметнички правец кој се базира на класичната уметност на стара Грција и Рим. Колевка на неокласицизмот се смета дека е Рим во третата четвртина на 18 век, но се развил дури во Франција благодарение на рационализмот на францускиот дух, посветеноста на енциклопедистите и новите општествени односи кои ги донела Француската револуција.

*Пример:*

**Клод Моне,** *Импресија- изгрејсонце*, 1872, Лувр, Париз.

### Романтизам

Почетокот на 19 век во Европа е познат како период на романтизмот. Делумно тоа била реакција на уметноста на 18 век која ја нагласувала рамнотежата и редот.

Уметниците во романтизмот си го поставувале прашањето за положбата на човекот во универзумот, ги потенцирале човечките вредности, фантазијата, емоциите, ја славеле силата на природата на драматичните слики со пејзажи.

### Уметноста на 19 век

Во почетокот на 19 век под влијание на граѓанската револуција се јавува ***реализмот.*** Напредокот во науката, индустријата и техниката овозможил изработување на првите

фотографии кои како помошно сретство го користеле уметниците на реализмот. Главни претставници на овој правец се Густав Курбе и Жан-Франсоа Милет. Освен Курбе уште еден претставник ја шокирал јавноста во 1863 година. Тоа бол Едуар Мане со својата слика „Појадок на трева”. Неговото сликарство преку третманот на светлината и бојата претставува предвесник на импресионизмот каде што со подоцнежните дела и самиот припаѓа.

***Импресионизам*** е школа за сликање која се развила во Франција на крајот на 19 век. Уметниците како Камил Писаро (1830-1903), Клод Моне (1840-1926) и Огист Ренoар (1841-1903) ги сликале своите импресии за кус временски период, особено промените кои ги предизвикува сончевата светлина. Во почетокот биле сурово критикувани, бидејќи гледачите очекувале слики со повеќе детали, но подоцна биле многу ценети и влијателни.

Во средината на 19 век уметниците почнале да се одвојуваат од традицијата која ја втемелиле претходните генерации. Претходно нивните заштитници (мецени) кои ги плаќале им порачувале што да насликаат а сега тие започнале да сликаат и да творат што сакаат, а потоа се обидувале своите дела да ги продаваат.

***Постимпресионизмот*** е стилски правец во уметноста од крајот на 19 век, кој настанал од уметниците кои се развиле од импресионизмот, но кои продолжиле понатаму со своите стремежи. Новата генерација на уметници (Винсент ван Гог, Пол Гоген, Пол Сезан, Хенри де Тулуз-Лотрек) следеле различни, оригинални и индивидуални патишта, како на пример поинтелизмот на Сера.

Корените на ***симболизмот*** се во романтичарскиот тренд на 19 век. Тоа е меѓународно движење кое се проширило низ Европа, а уметниците во тој период сакале да ги оживеат содржините кои потекнувале од поезијата, митологијата и психологијата. Водечка улога одиграле француските уметници во полемиките за естетиката.

***Арт нуво*** е правец во уметноста и дизајнот кој сака да го „разубави индустриското производство, да го спои убавото со корисното, да ги украси безличните фасади на зградите...” Во Франција овој правец се нарекува арт нуво, во Германија - југендстил, во САД - арт деко, а кај нас е познат под австрискиот назив - сецесија. Правецот кулминирал на почетокот на 20 век, започнал 1880, а својот врв го достигнал 1892-1902 година.

*Примери:*
**Винсент ван Гог,** *Звездена ноќ*, Хјуустон.
**Antonio Gaudi,** *Kaza Batlo*, 1904, Барселона.

## УМЕТНОСТА НА 20 ВЕК

Во текот на 20 век уметниците истражувале нови теории за светот, религиите и умот. Тие од јавноста барале да се спротивстави на работите кои би сакале да бидат отфрлени, а да истражува бројни различни стилови. По 2500 години моќта на класичните уметности беше разорена. Во периодот на 20 век големо внимание се посветува на социолошките, социолошко-психолошките, културно-филозофските и културните прашања.

Голем дел на модерната уметност била создавана за изложување во музеи или галерии, а не за куќи, палати или цркви како што било практика во минатото. Често намената ѝ била да збуни, да се потсмева или да провоцира, а не да покажува одредено значење.

Така францускиот трговец со уметнички вредности Амброзие Волард (1865-1939) поттикнал купување, продавање и изложување на модерната уметност. Тој на уметниците на почетокот на 20 век им пружал извонредна финансиска и творечка слобода да сликаат онака како сакаат.

Уметниците како Пабло Пикасо (основач на кубизмот) и Хенри Матис (основач на фовизмот) постигнале успех во Волардовата галерија во Париз на почетокот на 20 век.

***Експресионизам*** е термин кој го користела група германски уметници на 20 век, со кој сакале да ги опишат своите уметнички начела. Тој израз се користи за секое уметничко дело на кое објективната стварност е изместена за да се прикаже внатрешната (психолошката) состојба на уметникот.

***Апстрактната уметност*** не ги прикажува предметите од секојдневниот живот, туку идејата или емоцијата

е сугерирана од бојата и обликот. Така апстрактната уметност станува како музиката, ниту едната ниту другата не прикажуваат ништо што би можело да се искаже преку зборови, но и двете можат да бидат изразни и мотивирачки.

***Конструктивизам*** е авангарден скулпторски правец кој настанал 1913 година во Русија поттикнат од Маљевиќ кој со својот супрематизам влијаел на други уметници.

***Дадаизам*** е уметничко движење кое става акцент на бесмисленоста на цивилизацијата која ги уништува сопствените вредности. Уметниците кои го следеле дадаизмот ја нагласувале апсурдноста изложувајќи во галериите банални предмети како уметнички дела.

***Надреализам*** е фантастична уметност на 1920-тите која се занимавала со истражување на начините на кои функционира мозокот и умот. Новите идеи укажувале на тоа дека човекот свесно користи само многу мал процент на својот мозок и дека не е свесен за потсвеста и нејзината активност над која нема рационална контрола. Приказите како од сон, како на пример на надреалистот и шпански сликар Салвадор Дали (1904-1989), биле инспирирани токму од тие идеи.

***Модата и уметноста*** силно влијаеле на продуктите од дизајнот и ниеден уметнички правец немал така големо влијание како поп артот. Поп уметниците како Енди Ворхол, Џаспер Џонс, Рој Лихтенштајн и Роберт Индијана го превртеле наопаку светот на уметноста сликајќи го секојдневието како иронија, како ирелевантна уметност.

***Концептуална уметност*** е насока во модерната уметност од раните 1960-ти до средината на 1970-тите, настаната како тежнение на уметниците да го дематеријализират предметот преку творечкиот чин и со користење на нетрадиционални уметнички постапки и материјали (полароид, филм, видео, телото на уметникот-боди арт, хепенинзи, урбани акции и интервенции) да ја објаснат идејната содржина која му претходи на делото или, пак, е содржана во делото. Оваа уметност радикално го проширила подрачјето на уметничкото творештво, го задржала критичкиот став кон традиционалните уметнички и културни вредности.

*Примери:*
**Василиј Кандински,** *Москва 1*, 1916.
**Џексон Полок,** *Композиција бр. 16*.

### ПЕРИОДИ И ПРАВЦИ НА ЗАПАДНАТА УМЕТНОСТ

| | |
|---|---|
| **Праисторија** | Палеолитска уметност • Неолитска уметност • Уметност на бакарното, бронзеното и железното време |
| **Антика** | Древна Месопотамија • Уметноста на древниот Египет • Уметност на стара Грција • Уметноста на стариот Рим |
| **Доцна антика и среден век** | Ранохристијанство • Византска уметност • Предроманика • Романика • Готика |
| **15 - 18 век** | Ренесанса • Барок • Рококо • Неокласицизам |
| **19 век** | Романтизам • Реализам • Хисторицизам • Импресионизам • Постимпресионизам • Симболизам • Поинтилизам |
| **20 век** | Арт нуво • Фовизам • Експресионизам • Наива • Кубизам • Орфизам • Апстрактна уметност • Супрематизам • Де стил • Конструктивизам • Футуризам • Дадаизам • Метафизам • Надреализам • Апстрактен експресионизам • Кинетичка уметност • Поп арт • Оп арт • Неореализам • Минимализам • Ташизам • Енформел • Концептуална уметност • Ланд арт • Постмодерна |

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

### Проект: ВОВЕДУВАЊЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТА

**Пример 1. Запознавање со основните начела, функцијата како и предметот на проучување на историјата на уметноста, ликовните периоди и правци и нивните карактеристики**

***Прва фаза.*** Запознавање со ликовната дисциплина - историја на уметноста преку разгледување на енциклопедии, посета на музеи (археолошки, Музеј на современа уметност, ретроспективни изложби и др.). За улогата на исто-

ријата на уметноста, ликовните правци, уметниците и др. учениците може да се запознаат и преку визуелните средства, преку проектирање на слајдови, видео (ДВД) презентации, посетување на специјализирани Интернет сајтови и др. Наставникот ги запознава учениците со постоењето на ликовните правци, карактеристиките по кои одреден правец најлесно може да се препознае. Се разгледува табелата на која се прикажани периодите и правците на западната уметност.

| | |
|---|---|
| **Праисторија** | Палеолитска уметност • Неолитска уметност • Уметност на бакарното, бронзеното и железното време |
| **Антика** | Древна Месопотамија • Уметноста на древниог Египет • Уметноста на стара Грција • Уметноста на стариот Рим |
| **Доцна антика и среден век** | Ранохристијанство • Византска уметност • Предроманика • Романика • Готика |
| **15. - 18 век** | Ренесанса • Барок • Рококо • Неокласицизам |
| **19 век** | Романтизам • Реализам • Хисторицизам • Импресионизам • Постимпресионизам • Симболизам • Поинтилизам |
| **20 век** | Арт нуво • Фовизам • Експресионизам • Наива • Кубизам • Орфизам • Апстрактна уметност • Супрематизам • Де стил • Конструктивизам • Футуризам • Дадаизам • Метафизам • Надреализам • Апстрактен експресионизам • Кинетичка уметност • Поп арт • Оп арт • Неореализам • Минимализам • Ташизам • Енформел • Концептуална уметност • Ланд арт • Постмодерна |

Учениците се групираат по двајца и се одредуваат (може и по пат на извлекување) да истражуваат за одреден ликовен правец, при што наставникот внимава одбраните теми да не се повторуваат.

***Втора фаза.*** Во овој период учениците поделени во парови, насочувани од наставникот, истражуваат, собираат податоци и визуелен материјал од разни извори на информации (книги, Интернет, музеи). Откако ќе соберат доволен материјал пишуваат текст за темата која ја одбрале. Темата треба да содржи податоци (општи) за ликовниот период, правец, уметник, дело, основни карактеристики и белези по кои го препознаваме и разликуваме од останатите.

***Трета фаза.*** Презентација на темата, материјалот во вид на предавање пред останатите ученици. Начинот на презентација на подготвениот материјал треба да биде според креативноста на учениците. На крај презентацијата се вреднува и оценува од сите ученици.

### Пример 2. Креирање на книга за историјата на уметноста во Македонија

***Прва фаза.*** Учениците добиваат задача да собираат податоци и визуелен материјал за ликовната уметност во Македонија, за ликовните правци, биографии за ликовните уметници од Македонија, изложби, ликовни карактеристики, специфичности и влијанија кои ги претрпувала ликовната уметност низ времето. Овие податоци може да ги добијат преку монографии за ликовните уметници, литература со соодветен материјал, разговор со историчар на уметноста, Интернет и др.

***Втора фаза.*** Откако наставникот ќе заклучи дека постои доволен материјал, учениците ги мотивира на групна работа. Тие со негова помош добиените податоци ги собираат и хронолошки ги подредуваат во една целина, односно креирање на книга: „Историја на македонската уметност”. Оваа фаза бара интегрирање на повеќе ликовни подрачја особено на дизајнот, бидејќи во оваа фаза учениците треба графички да ја уредат книгата, да ја подредат на компјутер, да ја испринтаат, да креираат корица и сосема на крајот да ја укоричат. Оваа фаза бара тимска работа и поделба на активностите според афинитетите и можностите.

***Трета фаза.*** Презентација на книгата пред поширок аудиториум (ученици кои не се опфатени во проектните активности по ликовно), промоција на книгата пред родителите и останатите наставници. За таа пригода потребно е да изработат покани за промоцијата, а сите активности да ги забележуваат и фотографираат. Доколку училиштето има Веб-страна целокупниот материјал, дин-

амиката на случувања и активностите и фотографиите можат да се пренесат на неа.

## ЛИКОВНА КРИТИКА

Ликовната критика има историско-уметнички карактер, бидејќи во своите основи припаѓа на историјата на уметноста, а со своето делување на некој начин и ја создава перспективата на уметноста. Задача на ликовната критика е следењето, толкувањето и вреднувањето на современата ликовна продукција. Таа многу зависи од подготвеноста на критичарот, како и неговата објективност. Ликовната критика зависи и од писменоста, од вештините за изразување, од способноста да се сугерира, но најзначајно е критичарот секогаш да поаѓа од воочување на специфичните својства на делото и творецот, одмерување на иновативноста и оригиналноста. Претераниот субјективизам, од друга страна, може да му го одземе кредибилитетот на критичарот. Критиката, дури и тогаш кога делува слободни и оригинално, треба да подразбира и содржи одредени просторни и временски координати, а би требало да се запази и целокупниот состав кој многу говори за уметничкото остварување и значење на анализираното дело.

Традиционалната академска критика се базирала на нормативни, дидактички или т.н. вечни критериуми вр основа на кои уметничкото дело требало да се создава.

Авангардната критика (од импресионизмот до денес) ја иновирала ориентацијата кон тоа дека само нешто ново, неочекувано и изненадувачко во уметноста може да го поттикне сензибилитетот, а иднината е таа која ќе ги докаже вистинските уметнички вредности.

***Ликовната критика*** е дискусија или естетско проценување на ликовната уметност.

***Ликовните критичари*** најчесто ја критикуваат уметноста во однос на естетиката и теоријата на уметноста. Една од целите на ликовниот критичар е да воспостави рационална основа за ценењето на уметноста.

Мноштвото на ликовни правци резултирало со поделба на ликовната критика во повеќе дисциплини, а секоја од нив користела различни критериуми за проценување. Најпознатата поделба е на ***историска ликовна критика*** и евалвација (еден вид ликовна историја) и *современа ликовна* ***критика*** на делата на современите (живите) уметници.

Иако сфаќањата и проценките на ликовната критика во текот на времето може да претрпат корекции, критичарите од минатото честопати ги фалеле и воздигнувале уметниците кои денес не се ценети (како академските сликари од доцниот 19 век) или, пак ги исмејувале и отфрлале оние кои денес се сметаат за мајстори на уметноста (првите импресионисти). Некои ликовни правци и движења своите имиња ги имаат добиено од ликовните критики кои подоцна биле прифатени од ликовните уметници следбеници на тој стил (правец), односно биле прифатени во чест на ликовните критичари кои ги употребиле тие имиња во нивните критики (пр., импресионозам, кубизам).

Некои критичари биле неспособни да се навикнат на новите уметнички правци и овозможиле нивните мислења и процени да ја надминат објективноста, што резултирало со несоодветна критика. Уметниците честопати имале несоодветни односи со критичарите. На уметниците им била потребна позитивна критика за нивните дела.

### ИСТОРИЈА (Потекло)

Своите зачетоци ликовната критика (онаква за која ние ја познаваме) ги поставила во 18 век. Прв писател кој ја добил репутацијата ликовен критичар на 18 век во Франција е Ла Фонт де Сант-Жен. Францускиот писател Денис Дидерот (18 век) се смета дека е креатор на модерниот медиум на ликовната критика.

Доминантна фигура на ликовната култура во 19 век бил поетот Чарлс Бодлер, многу од неговите критички мисли биле новина за тоа време.

- **Период пред Втората светска војна**

Членовите на групата „Блумсбери", Роџер Фрај и Клив Бел биле најзначајните ликовни критичари во Англија. Фрај го претставил во својата земја пост-импресионизмот, а Бел бил еден од основачите на формалистичкиот пристап кон уметноста. Херберт Рид ги фаворизирал британските модерни уметници како Пол Неш, Бен Никлсон, Хенри Мур и Барбара Хепвортх.

Во САД Клемент Гринберг прв бил наречен ликовен критичар со есејот „Авангарда и кич” 1939.

- **Период по Втората светска војна**

Као случајот со Бодлер и во 20 век повторно се појавиле поети-критичари: францускиот поет Аполинеар (пишувал за кубизмот), а францускиот писател и херој на Отпорот, Андре Малтро пишувал ликовни критики надминувајќи ги границите на Европа (Латинска Америка, мексиканските мурали, аргентинските нови уметнички движења).

Во 1940-тите имало малку уметници, а со тоа и ликовни критичари во Њујоркшката Авангарда, а и малку книжевни уметници како Роберт Мадрвел и Барнет Њуман кои функционирале како ликовни критичари.

- **Денес**

Ликовните критичари денес не работат само за печатените медиуми (специјализирани списанија за уметност и дневни весници), туку го користат и Интернетот, телевизијата и радиото, во музеите и галериите. Некои од нив се вработени во музеите како едукатори. Ликовните критичари можат да бидат и куратори на изложбите и честопати пишуваат за каталозите. Постои и светско здружение (невладина организација), во склоп на УНЕСКО, наречена Меѓународна асоцијација на ликовни критичари.

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

### Проект: ЛИКОВНА КРИТИКА

#### Пример 1. Запознавање со ликовната критика, нејзиниот развој и функција

***Прва фаза.*** Учениците добиваат задача низ подолг период (неколку месеци) да следат дневни весници, периодичници, специјализирани списанија за уметноста, рубрики за култура, вести за ликовните изложби во и вон Републиката, на домашните, но и на странските уметници.

***Втора фаза.*** Отесчоците, визуелниот материјал (репродукции, фотографии на уметници) континуирано се лепат во претходно подготвен албум или т.н. алманах на ликовната критика. Во тој период учениците посетуваат отворање на изложба, го следат говорот по повод отворањето на изложбата, собираат каталози и покани за изложби. Во алманахот можат да се залепат и првите обиди на учениците да напишат ликовна критика за посетена изложба.

***Трета фаза.*** Периодично учениците ги читаат отсечоците од списанијата, предговорите од каталозите и се дискутира за прочитаното.

Овој проект може да трае и преку целата учебна година, зависно од интересот кој ќе го покажат учениците.

#### Пример 2. Анализирање на ликовно дело и пишување ликовна критика

***Прва фаза.*** Наставникот ги подготвува учениците со општи теоретски предзнаења, зависно од изложбата која планира да ја посетат. За да го спречи површното разгледување на изложбата во музејот, тој се ограничува на разгледување само на дел од поставката. Прво накусо ги запознава со музејот кој го посетуваат, за експонатите кои ќе ги гледаат, а потоа сите заедно го разгледуваат предвидениот простор. Потоа секој ученик самостојно ја разгледува изложбата и одбира по една слика која ќе ја анализира.

***Втора фаза.*** Учениците анализираат ликовно дело, на соодветната табела ги запишуваат потребните податоци, а под табелата пишуваат свое мислење, впечатоци и критика за истото дело.

| ИНФОРМАЦИИ ЗА ДЕЛОТО | |
|---|---|
| Автор | |
| Година | |
| Наслов на делото | |
| Уметнички стил | |
| Ликовна техника | |
| Димензии | |
| Град | |
| Држава | |

***Трета фаза.*** Од забелешките учениците пишуваат ликовна критика во вид на новинарски запис, следејќи ги искуствата стекнати со читање на вистинските ликовни критичари.

Доколку училиштето има училиштен весник се прави избор (од страна на учениците) на најуспешната ликовна критика напишана од ученик и се објавува во него.

**Пример 3. Критички осврт кон современото македонско сликарство**

***Прва фаза.*** Наставникот ги запознава учениците со современата ликовна уметност, сличностите и индивидуалните разлики помеѓу уметниците во Македонија, поврзаноста на македонската традиција во модерниот израз на современото македонско сликарство. Наставникот насочува повеќе имиња на современи македонски сликари.

***Втора фаза.*** Учениците разгледуваат репродукции, каталози и монографии за македонското современо сликарство, ги читаат биографиите на уметниците, ги анализираат делата. Учениците поделени во поголеми групи (4-5 ученици), одбираат современ ликовен македонски творец, пишуваат ликовна критика и подготвуваат презентација (во Pauer point, ако за тоа постојат услови).

***Трета фаза.*** Учениците презентираат, дискутираат и меѓусебно ја оценуваат ликовната критика (темелна, површна, објективна, субјективна и сл.).

## ЛИКОВЕН ЈАЗИК

***Ликовната уметност*** (пластична уметност, просторна уметност) е уметност која како облик на комуникација го користи ликовниот јазик. Таа е дел од општиот свет на уметноста на кој му припаѓаат и книжевноста, музиката, танцот, глумата, филмот и др. Ликовната уметност се разликува од другите уметности по тоа што неа ја доживуваме пред се, визуелно, преку гледање.

***Ликовен јазик.*** Додека книжевноста се изразува преку зборовите, музиката со помош на звукот, танцот преку движењето, ликовнта уметност се изразува со помош на облиците (линија, боја и волумен). Облик - лик оттука произлегува и нејзиното име. Имаат и друго име -пластични уметности (ја нагласува опипливоста на овие уметности), а уште се нарекуваат и просторни уметности (со што се нагласува тоа дека ликовните уметности се изразуваат во просторот, за разлика од музиката која се изразува во времето). Според тоа, гледањето во ликовна смисла е исто што и читањето во книжевната смисла. Затоа ликовната култура е и ликовно читање на слика, скулптура или градба.

Ликовните облици имаат своја смисла која може да се прочита само ако се познава ликовниот јазик. Ликовниот јазик може делумно рационално (умно) да се спознае, а делумно преку ликовната интуиција. Ние можеме да говориме само за објективниот и формален дел, додека за другиот ирационалниот, субјективниот, му припаѓа на светот на поединецот. Структурата на ликовниот јазик не ја сочинуваат буквите, туку ***ликовните елементи.***




## ТОЧКА

***Точката*** е најмалиот ликовен елемент со кој може да се гради ликовно дело. Таа во уметноста има оптичка и ликовна вредност и со неа може да се гради, комбинира, да се поставува во низа или да се поставува слободно (правилно или неправилно) на површината, плохата.

Со густо или ретко распоредување на точките на површината добиваме темни и светли тонски вредности, па и илузија на заобленост (тридимензионалност) - ова се нарекува моделирање со точки.

Цел еден уметнички правец се базирал на создавање на слики со точки на боја, по што бил и наречен поинтелизам (поинт-точка).

*Пример:*
**Жорж Сера, Парада** - поентилистичко сликарство

## ЛИНИЈА

***Линијата*** (црта) е ликовен облик кој се создава со движењето на точките во низа на одредена површина или во даден простор.

***Видови лини.*** Според обликот линиите можат да бидат разновидни: тенки/дебели, долги/куси, брановидни, испрекинати, спирални, еднолични/различни и др.

Според правецот можат да бидат: хоризонтални, вертикални и коси (дијагонални). Линиите можат да бидат и отворени и затворени. Затворените линии ги формираат облиците.

*Евклидски* (геометриски) *линии* се правилни линии кои се цртаат со помош на технички помагала (права, крива, лак, парабола и др.). *Калиграфски линии* се оние кои се цртаат со слободна рака.

Во уметноста разликуваме по значење и:

- ***контурна линија -*** надворешната линија која го опишува (оградува) некој облик и го одвојува од површината или другите облици;
- ***Структурна линија*** (градбена или карактерна) - линијата која ја означува структурата или градбата на некој облик или форма. Овие линии му даваат на обликот особеност (карактер).

Со психолошкото проучување на линијата утврдено е дека секоја линија изразува некое чувство и има симболичко значење. И тоа:

- ***Хоризонталната линија*** делува мирно, опуштено. Особено ако е права. Симболизира мир, опуштеност, а во краен случај и смрт.
- ***Вертикалната линија,*** пак, спротивно на хоризонталната, расте, се воздигнува, се исправа, па е симбол на растот, а со тоа и животот.
- ***Косата (дијагоналната) линија,*** за разлика од претходните две, дава чувство на движење и динамика. Симболизира раздвиженост и просторност.
- ***Брановидната линија*** делува нежно, лесно и елегантно.
- ***Спиралната линија*** е слободна крива линија која дава чувство на кружно движење и мистична динамика.

Со помош на линијата уметникот најдобро може да го изрази сопствениот карактер или душевната состојба.

*Пример:*
Микеланџеловиот цртеж, Либиски сибили, 1511.

## БОЈА

***Бојата*** е сетилно доживување кое се создава кога светлината со карактеристичен спектар ги надразнува рецепторите на мрежницата на окото. Бојата ја гледаме на површините на објектите, светлосните извори, во зависност од нивното својство за апсорпција, рефлексијата или емисијата која настанува кај нив.

Во видниот спектар (збир на бои кои човечкото око може да ги распознае) се: црвената, портокаловата, жолтата, зелената, сината и виолетовата. Инфрацрвената и ултравиолетовата не се видливи за човечкото око.

Традиционалната поделба на боите во уметноста е: основни (примарни) и сложени (секундарни).

- ***Основни бои се:*** црвената, жолтата и сината
- ***Сложените*** бои се добиваат со помош на мешање на две основни бои: црвена + жолта = портокалова, жолта + сина = зелена и црвена + сината = виолетова.
- Постојат и ***терциерни бои*** кои се добиваат со мешање на примарна со секундарна боја (сино-зелена, жолто - зелена и др.).

Друга поделба на боите е според тоа што во природата можат да се поврзат со одредени топлотни состојби, црвено-оган, сино-море:

- ***Топли бои*** (црвена, жолта, порткалова).
- ***Студени бои*** (сина, виолетова, зелена).

***Комплементарни бои*** се оние кои се наоѓаат на спротивните страни на *Освалдовиот круг на бои* (портокалова-сина, виолетова-жолта, црвена-зелена).

### Симболичко значење на боите

Боите отсекогаш имале значајно симболичко значење и вредност. На пр., златната боја (особено во христијанското сликарство) претставувала светлина на духот и светост, а виолетовата (пурпурна) владетелска боја.

Симболичкото значење на бојата се менува зависно каква намена има, на пример, црвената бојата на љубовта во политиката го означувала комунизмот...

**Црвена** - љубов, страст, радост, темно црвена - демон, револуционерна боја на сите знамиња.

**Сина** - аристократија, вистина, верност, благородност.

**Зелена** - мир (маслинова гранка, ловоров венец), надеж, бесмртност (евергрин).

**Жолта** - ум, светлост, разум.

**Виолетова** - магија, покорност, трпеливост, уметност.

**Портокалова** - плодност, сјај, богатство.

**Розева** - слаткост, срамежливост, нежност.

**Циклама** - чесност, кралевство, кардиналска боја, достоинство, богатство, возвишеност.

**Бела** - чистота, мир.

**Црна** - тага, болест, смрт, несреќа, терор.

### Психолошко дејство на боите

Секоја боја има одредено психолошко дејство и може кај човекот да предизвика различни чивства. Еве неколку примери на бои и нивното делување:

**Црвена** - силно, раздразнувачко дејство, го подобрува расположението, го забрзува пулсот, дишењето и мускулната напнатост.

**Жолта** - делува поттикнувачки, предизвикува радост, лесно се забележува и се употребува во сообраќајот.

**Портокалова** - делува свечено, весело, предизвикува чувство на здравје, животна радост.

**Зелена** - одмора, делува нежно, создава внатрешен мир, го одмора видот.

**Сина** - делува смирувачки, спротивно од црвената, пасивно, студено, ја поттикнува концентрацијата и смирува.

**Виолетова** - делува мистично, таинствено, ги пригушува страстите.

### Просторно делување на боите

Во човечкото око топлите бои изгледаат поблиску, а студените подалеку. Овие просторни вредности најдобро ги искористиле сликарите со сликање на таканаречената *колористичка перспектива* (особено фовистите).

*Пример:*
*Освалдовиот круг на бои*

## ВОЛУМЕН

***Волуменот*** е својство на просторните облици со својата маса да заземаат одреден дел од просторот. Волуменот најчесто е исполнет со некоја материја (исполнет е).

Волуменот има три димензии: висина, широчина и должина. Тридимензионалните облици можат да бидат правилни (геометриски) или неправилни. Правилни се оние на кои може математички да се пресмета нивниот волумен: коцка, цилиндар, топка, пирамида и др.

Скулптурата е ликовна дисциплина која обликува волумен во просторот.

Илузија на волумен на површина може да се добие со цртачките и сликарските техники (графички и колористички).

Графичкото изразување на волуменот на плоха (на цртеж или графика) се постигнува со реализирање на различни густини на линии или точки на подлогата - *графичка моделација*. Тонското изразување на волуменот на подлогата се постигнува со контраст на светло-сенка - *тонска моделација*.

Во колористичкото сликарство за илузија на волумен се користат повеќе бои од спектарот и тоа топлите за осветлените делови на обликот, а темните за деловите кои се во сенка - *колористичка модулација*.

*Пример:*

**Константин Бранкузи, Новороденче**, мермер. Модерна скулптура која се состои само од компактен полн волумен.

## ПРОСТОР

***Просторот*** како ликовен елемент се базира на филозофската дефиниција за просторот како објективна стварност во која се содржи (е сместен) материјалниот свет. Како и волуменот, така и просторот има три димензии висина, широчина и должина. Просторот покрај волуменот е составен дел на ликовните дела од областа на скулптурата и архитектурата.

***Меѓупростор*** е делот помеѓу одделни облици.

Прикажување на илузија на простор е можно со цртачки и сликарски техники и може да се постигне на повеќе начини:

- ***Конгломерат*** (на латински означува збрка, натрупување) е начин на прикажување на просторот каде истиот се негира, а облиците се расфрлени на површината без никаков ред (палеолитско пештерско сликарство).
- Поделбата на површината на ***планови*** (прв, втор... план) е наједноставниот начин за добивање на илузија на длабочина на просторот.
- ***Перспектива*** е сложено прикажување на илузија на просторот (преку разлики на големините на облиците).

*Пример:*

**Хенри Мур, Планински лакови**, бронза,

## ПОВРШИНА (ПЛОХА)

***Површината*** е местото на кое се среќаваат (судираат) просторот и волуменот. Секој обик (природен или вештачки) е составен од површини.

Површината како ликовен елемент се јавува во сликарството, скулптурата и архитектурата. Во сликарството тоа е рамнината на која се слика, но и широките еднакво обоени површини. Во скулптурата и архитектурата таа го претставува надворешниот дел на волуменот или масата на скулптурата или градбата.

Површината по карактер може да биде: голема/мала, тенка/дебела, тврда/мека, рамна/заоблена, со остри/благи ивици, избушена (перфорирана), шуплива, испрекршена, набрана и др.

*Пример:*

Апстрактниот сликар **Пит Мондријан** ги насликал своите *„композиции"* на површината на платното со површини обоени со основните бои.

## ТЕКСТУРА

***Текстурата*** е особина (надворешен изглед) на некоја површина. Таа може да биде: мазна/рапава, сјајна/мат, бодлива, ситно/крупно зрнеста, збрчкана, игличеста и др.

Текстурата како ликовен елемент се јавува во скулптурата, архитектурата, сликарството, цртежот и графиката. Во скулптурата и архитектурата се јавува како вистинска (површина, фасада на некоја градба или површина на скулптурата), а во сликарството, цртежот и графиката како невистинита (илузија, имитација).

Сликарската обработка на површините се нарекува ***фактура,*** а зависи колку и на кој начин е нанесена бојата на сликата. Така фактурата на сликата може да биде изедначена/неизедначена, мазна или релјефна. Бојата може да биде нанесена во тенок слој - ***лазурен*** (ретка боја), а фактурата да биде мазна. Ако бојата се нанесува во дебели слоеви (или директно од туба) се создава ***пастозен*** (густ) слој, а фактурата - релјефна.

*Примери:*

На ***египетскиот релјефен портрет*** кој се наоѓа во Лувр можеме да препознаеме мазна текстура на лицето и ритмичка рапава текстура на косата.

На детал од Леонардовата слика **Мона Лиза** можем да видиме како пукнатините на сликата создаваат распукана фактура.

***Композицијата,*** пак, има свои елементи по кои ликовните елементи се поставуваат во целина.

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

**Проект: ЛИКОВЕН ЈАЗИК**

**Пример 1. Запознавање на учениците со ликовниот јазик, потребата за негово познавање и разбирање.**

***Прва фаза.*** Наставникот преку графикон ги запознава учениците со ликовните елементи кои го сочинуваат ликовниот јазик. Ги образложува сите ликовни елементи




поединечно. За секој ликовен елемент подготвува соодветен визуелен материјал.

***Втора фаза.*** Учениците го разгледуваат визуелниот материјал кој го понудил наставникот и уметничките дела ги анализираат од аспект кој ликовен елемент преовладува или доминира, кои ликовни елементи ги содржи и како се комбинирани, каков ликовен јазик користел творецот и сл. Се обидуваат да го „прочитаат” ликовниот јазик на авторот, преку ликовните елементи да ги откријат скриените мисли, пораки и емоции кои ги искажува. Одбираат тема за овој проект.

***Трета фаза.*** Учениците ги презентираат своите анализи, ги бранат темите, дискутираат и даваат оценка за успешноста.

**Пример 2. Запознавање на учениците со ликовниот јазик специфичен за секое ликовно подрачје, како и негово препознавање**

***Прва фаза.*** Учениците разгледуваат оригинали или репродукции (или слајдови) на цртежи, слики, графики, скулптури, дизајнерски остварувања, архитектура, забележување на ликовните елементи кои доминираат во тоа ликовно подрачје (линија-цртеж, боја-слика итн.) и донесуваат заклучоци за карактеристиките на ликовниот јазик во цртежот, сликарството, графиката, скулптурата, дизајнот, архитектурата.

| ИНФОРМАЦИИ ЗА УЧЕНИЧКАТА ТВОРБА | |
|---|---|
| Автор и возраст | |
| Ликовна техника | |
| Ликовен јазик | |
| Ликовни елементи кои ги користи ученикот (заокружи) | 1.точка<br>2.линија<br>3.боја<br>4.волумен<br>5.простор<br>6.површина<br>7.текстура |
| Доминантен ликовен елемент | |
| На творбата забележуваш (заокружи) | 1.хармонија<br>2.градација<br>3.контраст |
| Забелешка: | |

***Втора фаза*** Наставникот нуди одбрани ученички творби на кои учениците треба да ги забележат ликовните елементи, ликовниот јазик на творецот, кој ликовен елемент доминира, во која ликовна област припаѓа творбата, како творецот ги комбинирал елементите во целина, дали постигнал хармонија, градација или контраст. Дали со помош на ликовните средства постигнал илузија на волумен, текстура (дводимензионален израз) или кои ликовни средства ги употребил во тридимензионалниот израз.

***Трета фаза.*** Индивидуално, секој ученик поединечно, ги презентира резултатите од анализата (истражувачката активност), односно дава осврт пред останатите ученици.

## ЛИКОВНА ПРАКТИКА

### ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

Ликовните уметности според средствата на изразување се делат на: цртеж, сликарство и графика (дводимензионални) и скулптура и архитектура (тридимензионални).

Покрај овие постојат и други самостојни човечки дејности кои се неделиви и тесно поврзани за ликовните уметности како:

- урбанизам
- примиенета уметност
- дизајн
- фотографија
- филм
- визуелни комуникации.

### ЦРТАЊЕ

***Цртање*** е графички приказ на облик на некоја површина. Во поширока смисла, тоа е слика на предметот или појавата релизирана со помош на графички средства-линија, знак, дамка, точка. Со комбинација на чистите линии, поврзувањето на линиите и дамките, контрастот на црното и белото, ефектот на светлото и сенката се постигну-



ва ***линеарност*** и ***пластичност*** (тридимензионалност) на цртежот. Цртежот е начин на изразување кој е постар и од пишаниот збор. Техниките кои се користат при создавање на цртежот се нарекуваат ***цртачки техники.***

На цртежот со линијата можат да се изразат двете основни димензии: висина и широчина. Илузијата на тридимензионалниот волумен (просторна длабочина) се постигнува со примена на геометриската перспектива.

Ако во цртежот преовладува линијата како основен ликовен елемент, тој цртеж се нарекува ***линеарен цртеж.*** Ако во цртежот преовладува светлото и сенката, односно тоновите, тој цртеж се нарекува ***тонски*** или ***сликарски цртеж.*** Цртежот најчесто е еднобоен, но може да биде реализиран и во повеќе бои.

Уметничкиот цртеж е основа (темел) на сите ликовни облици: графиката, сликарството, скулптурата и архитектурата. Цртежот може да биде самостојно и комплетно дело или може да биде почетен, подготвителен стадиум при конципирање на слика, за фиксирање на одредена замисла и облик во просторот. Како и другите ликовни дела, цртежите тематски се делат на: цртежи по набљудување или по замисла (имагинација, фантазија). Цртежот работен по набљудување на природните облици е средство со кое на специфичен (уметнички) начин се дефинира стварноста.

## ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ

Цртачките техники се сите материјали и начини на нивното користење при изработка на уметнички цртеж.

*Пример:*

**Албрехт Дирер,** цртеж **Витез на коњ**, скица за графика „витез, смрт и ѓавол".

### Проект: ЦРТАЊЕ

#### Пример 1. Цртање на студија на портрет

***Прва фаза.*** Наставникот прикажува визуелен материјал (слајдови, репродукции, енциклопедии, монографии на познати уметници) на портрети реализирани од врвни мајстори на ликовната уметност, во различни ликовни техники, но и ученички творби. Учениците се запознаваат со поимот портрет (анфас, профил, полупрофил) и портретист, како и со некои имиња на портретисти (домашни и странски), позирање, модел. Наставникот ги подготвува учениците за цртање на студија на портрет: демонстрира и некои основни постапки (визирање), елементи кои при изработка на портрет треба да се запазат (пропорции, карактерни линии и др.) и методи за реализирање на студија на портрет во цртачки материјал.

***Втора фаза.*** Во неколку последователни часови (бројот на часови го предвидува наставникот), учениците цртаат студија на портрет по жив модел или студија на бистата на патронот на училиштето. Доколку се работи студија на портрет по жив модел, наставникот го организира цртањето така што учениците се групираат во парови, при што едниот ученик го црта другиот и обратно во повеќе наврати (половина час позира едниот, а другиот ученик го црта портретот, а потоа улогите се менуваат)

***Трета фаза.*** од завршените студии на портрети се прави изложба во холот на училиштето. Учениците се мотивираат во домашни услови да нацртаат и други портрети на членовите на семејството или да реализираат автопортрет.

#### Пример 2. Цртање на скици како подготовка за реализација на ликовно дело

***Прва фаза.*** Наставникот ги запознава учениците со потребата на уметникот од цртање на скиците како подготовка за реализација на уметничкото дело. За таа цел прикажува неколку скици и дела (слајдови или репродукции од енциклопедии или од други извори) кои произлегле од истите скици (на пример скици од Леонардо да Винчи како подготовка за сликата „ Тајната вечера"). Тој ги запознава со потребата за цртање скици како подготовка за сликарско, графичко, скулпторско, дизајнерско и архитектонско дело.

***Втора фаза.*** Наставникот им предлага на учениците секој да нацрта скица за слика, графика, скулптура, дизајн или архитектура по сопствена замисла, притоа самостојно

да го одбере цртачкиот материјал, мотивот, темата. Секој ученик треба да изработи неколку скици.

***Трета фаза.*** Секој ученик ги собира скиците во папка или корица од блок и ги чува за евентуално подоцна за некој друг проект да ги реализира во материјал.

## СЛИКАРСТВО

***Сликарството*** е ликовна уметност на обликување на површините со боја (се што се создава со уметничко сликање). Сликањето е постапка на нанесување мешавина на пигмент и лепило на подлога (површина) и се создава слика. Подлогата и техниките на сликање се различни: на пр. површината на ѕидот одговара на ***фрескосликарството,*** дрвена плоча или платно-темпера, маслени бои, хартија-акварел, темпера, гваш и др. На сликарството му претходи цртежот, а основни изразни средства му се бојата и површината.

Но, за разлика од фотографијата, сликарот има поголема слобода на обликување и ликовно изразување, т.е. може да го видоизменува обликот и бојата на секој лик, просторот или нивните односи, па дури и да твори по фантазија и да го слика тоа што во реалноста не постои.

Ако сликата е реализирана само во една боја, таа се нарекува ***монохромна*** (еднобојна). Но, ако сликата е реализирана во повеќе бои тогаш помеѓу нив се создаваат односи: меѓузависност на боите и композиција на боите. ***Меѓузависноста на боите*** значи дека боите влијаат една на друга, на пример, ако до бледа боја насликаме интензивна боја, таа ќе изгледа уште поинтензивна. Композиција на боите значи дека на сликата сите бои се доведени во некаква меѓусебна поврзаност и сооднос. Значи распоредот на боите на сликата е исто така важен, како и распоредот на облиците на сликата.

## СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ

Постои заемен однос на сликарските техники и бои. Една сликарска техника е ***пастелот,*** тој создава чувство на нежност и привлечност. ***Акварелот*** им дава на боите ефект на проѕирност. ***Фрескосликарството,*** техниката на ѕидно сликарство, нема полно детали, но изразува монументалност и просторност, ***температа*** е својствена за плакатот, ***маслените бои*** (најчесто на платно распнато на дрвена рамка) се погодни за сликање и најситни детали. Бојата може да се нанесува на сликата на неколку начини: како дамки, потези, плохи и др. ***Плошното сликарство*** е она на кое начинот и правецот на нанесување на бојата не може да се препознае (прочита), создадените плохи преминуваат една во друга создавајќи слика со плоштен карактер. Кога боите се нанесуваат така што потезите остануваат видливи, може да се добие густа површина (т.н. импасто) тоа се нарекува ***пастуозно сликање***. Спротивно на овој начин на сликање е кога бојата е толку ретка што низ еден слој боја се проѕира претходниот слој или бојата на сликарската подлога (на пр., ткаењето на платното), и тоа се нарекува ***лазурно сликање.***

***Илузионистично сликарство*** се нарекува сликарството во кое со помош на решенија на перспективата и со употреба на архитектонски елементи, како и со помош на светло-сенка (кјароскуро) се постигнува илузија на трета димензија.

**Насоки во сликарството:**

- Палеолитска уметност
- Неолитска уметност
- Древна Месопотамија
- Уметноста на древниот Египет
- Уметноста на стара Грција
- Уметноста на стариот Рим
- Византска уметност
- Предроманика
- Индиска уметност
- Кинеска уметност
- Јапонска уметност
- Африканска уметност
- Американска уметност
- Романика

- Готика

**Познати сликари:**

- Леонардо да Винчи
- Салвадор Дали
- Винсент ван Гог
- Пабло Пикасо
- Енди Вархол
- Микеланџело Буонароти
- Франциско Гоја
- Рембрант
- Едвард Мунх
- Василиј Кандински

**Мотиви во сликарството**

- **Портрет** - верен приказ на одредена личност која може да содржи и психолошка карактеризација на ликот. Постои ***реалистичен, идеализиран и натуралистички портрет.***
- **Автопортрет** - портрет на самиот сликар.
- **Карикатура** - гротескно прикажување на човек - комичен облик.
- **Фигура** - замислени лик, костимиран човек без психолошки израз на лицето.
- **Акт** - претстава на голо човечко тело.
- **Полуакт** - претстава на гол човек до појасот.
- **Ентериер** - прикажување на внатрешен простор.
- **Пејзаж** - прикажување на призор од природата.
- **Панорама** - широк приказ на населено место.
- **Ведута** - приказ на град.
- **Марина** - морски пејзаж.
- **Анимализам** - приказ на живи животни, најчесто во природен амбиент.
- **Мртва природа** - овошје, цвеќе, предмети за секојдневна употреба и мртви животни (птици, риби и др.)

*Пример:*

**Вермер,** *Алегорија на сликарството*, 1667 Кунстхисторише музеум- Виена

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

### Проект: СЛИКАЊЕ

#### Пример 1. Прикажување на статички и динамички состојби во творбите

***Прва фаза.*** Наставникот подготвува и презентира визуелен материјал: фотографии, ликовни дела (репродукции) на кои фигурите се во препознатливи и изразени статички и динамички состојби. Ги запознава со значењето на овие два поими и со присуството на истите во природата и во ликовните дела. Во училницата на ѕидот поставува два хамери: еден на кој пишува статика, а на другиот - динамика. Учениците добиваат задача во одреден период да собираат исечоци на весници, фотографии кои самите ќе ги направат и друг визуелен материјал кој ќе го најдат. Овие материјали соодветно на написот да ги залепат на соодветниот хамер. Во тој период наставникот ги следи, одговара на прашањата, ги решава дилемите околу овие два поими, го контролира лепењето и ги коригира неправилностите.

***Втора фаза.*** Откако учениците ги сфатиле овие поими од сите аспекти наставникот им дава задача да креираат две ликовни творби во ликовниот медиум кои самите ќе го изберат (цртеж, слика, скулптура). Исто така и мотивот на творбата треба да биде по слободен избор. Задачата е создавање на две творби на кои учениците јасно ќе ги прикажат двете состојби поединечно.

***Трета фаза.*** Учениците меѓусебно ги разгледуваат творбите, разменуваат мисли, идеи и коментари. Од најуспешните творби на кои најизразено се прикажани статичната и динамичната состојба прават изложба во училницата.

#### Пример 2. Организирање ликовна изложба во училиштето

***Прва фаза.*** Учениците заедно со наставникот планираат да организираат ликовна изложба во училиштето. Ги планираат активностите, одбираат тема, објавуваат конкурс на огласната табла на училиштето, даваат рок за доставување на творбите ги одредуваат, димензиите, ликовната техника

(сликарска), закажуваат термин за отворање на изложбата и др. Учениците на овој проект добиваат задолженија: да ги примаат творбите, да ги класифицираат според возраста, да формираат жири за избор на творбите кои ќе бидат изложени, пофалени и наградени, да ја уредат изложбата, да изработат плакат, покани, благодарници и дипломи.

***Втора фаза.*** Учениците ги реализираат планираните активности, ги запазуваат терминате, поканувaат гости (родители, наставници и членови од општината и сл.), организираат отворање на изложбата, доделуваат благодарници и дипломи, фотографираат настани и ги забележуваат случувањата.

***Трета фаза.*** Учениците пишуваат извештај за реализацијата на овој проект, извештајот го илустрираат со фотографиите. Овој извештај го доставуваат до директорот на училиштето и го објавуваат на веб-страницата на училиштето. Доколку на изложбата има присуство на новинари даваат изјави за планираните и реализираните активности.

## СКУЛПТУРА

**Скулптура** (лат. Skulpere = сече, реже) е ликовна дисциплина на обликување на волуменот во просторот. Скулпторот е уметник кој се занимава со обликување и моделирање на материјалот со кој твори (камен, глина и др.), а скулптурата е тридимензионална уметност, па затоа може да се нарече и ***просторно-пластично обликување.***

За разлика од сликата која има само две димензии (висина и широчина, скулптурата има и трета - длабочина (должина), па таа може да се почувствува, одмери и процени со допир - тактилно. Затоа е потребно скулптурата да се набљудува поинаку од сликата, цртежот и графиката. Таа треба да се набљудува од сите страни. За разлика од дводимензионалните дела сколптурата нема само една композиција, туку онолку колку што има агли на гледање (со нашето движење се менува аголот на гледање, а со тоа се менуваат и односите на деловите на склптурата).

Какви облици скулпторот ќе создава, зависи од материјалот кој може да е: свитлив, растеглив и кој му допушта на уметникот да додава и одзема (глина, пластелин, восок); или крут, кршлив, порозен и кој може да се длаби, крши, односно уметникот може само да твори со одземање (дрво, камен, мермер и др.).

Во скулптурата постојат повеќе различни скулпторски (вајарски) техники.

## СКУЛПТОРСКИ ТЕХНИКИ

Постојат два основни начини на создавање на скулптурата: со моделирање и со делкање (длабење).

***Моделирање*** е кога скулпторот безобличната маса на глина ја моделира и обликува со притискање, развлекување, додавање или одземање. Скулпторот може да моделира и со други материјали како хартијата, картонот, метален лим, синтетички материјали, стакло, челик (со лиење) и др.

**Делкањето** подразбира дека од поголем волумен од одреден материјал (дрво, камен) со постапки на откршување, отсекување или длабење се обликува помала, претходно замислена форма.

## ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО СКУЛПТУРАТА

Основни ликовни елементи во скулптурата се волуменот и просторот, но скулпторот може да користи и да комбинира и други ликовни елементи како линијата, површината, бојата и текстурата.

Со обликувањето на волуменот скулптурата се служи со сите изразни средства на ликовната уметност: композицијата, светло-сенка, боја.

Основно изразно сретство е ***волуменот.*** Преку него може да се изрази сѐ: повторување на облиците од природата, нивна стилизација, создавање на нови, апстрактни облици и форми. Волуменот може да биде ***единствен и затворен,*** оставајќи го просторот надвор од скулптурата, или може да биде расчленет и да продира во просторот и да создава сложена и динамичка композиција помеѓу волуменот и просторот.

Површината на скулптурата може да биде совршено измазнета, рапава или изразено нерамна. Измазнетата скулптура, обликувана во мазни и заоблени површини кои

создаваат нежни и меки преоди на светло и сенка, ја симулираат мекоста на органските, живи материи. На рапавите површини светлината се прекинува создавајќи изразен контраст на светлина и сенка, нагласувајќи ја грубоста и безживотноста на материјалот.

***Линијата*** на скулпторското дело ја препознаваме како место на спојување (допирање) на просторот и волуменот. Таа може да биде чиста и едноставна или испрекршена и испрекината. На некои скулптури линијата претставува цртеж на површината.

***Бојата*** на скулптурата е природната боја на материјалот (белината на белиот мермер, кафено-зеленкастите тонови на бронзата и др.). Но, бојата може да се нанесува и дополнително или за потенцирање на некој детаљ или за прекривање на целата површина на скулптурата.

## ПОДЕЛБА НА СКУЛПТУРАТА

Скулптурата се дели на полна пластика и релјеф.

Полната пластика е полн волумен, обработен од сите страни и кој може да се набљудува од 360 степени, а релјефот е волумен кој е обработен само од предната страна и може да се набљудува смо од една страна (како слика).

Разликуваме три вида релјеф: ***плиток, низок и висок*** релјеф.

## ИСТОРИЈА НА СКУЛПТУРАТА

Појавата на скулптурата се забележува уште во палеолитикот, но својот подем го доживува во третиот век п.н.е. во Месопотамија и Египет. Првата слободностоечка фигура на човечко тело ја создале старите Грци кои ги поставиле правилата и техниките на античката скулптура. Најдобри остварувања на стариот Рим се портретите. Во средниот век најмногу се изработуваат декоративни релјефи во црквите. Ренесансата ја ослободува скулптурата од архитектурата и чест мотив е акт во полна пластика. Барокот внесува немир, патетичност и возбуденост во скулпторските дела. За време на рококо доаѓа до развој на ситната пластика во порцелан. Класицизмот се навраќа на античките модели, а импресионизмот настојува да ги зароби визуелните импресии, возбудата и страста. Апстрактнатата скулптура се одрекува од конкретните облици и предмети. Во втората половина на 20 век скулптурата посегнува кон фигурални теми, честопати напуштајќи ги класичните вајарски материјали и употребувајќи синтетски маси, плексиглас и др.

*Примери:*

*Вилендорфска Венера*, 30000 пр. н.е., камен, 11 см.

**Давид**, Микеланџело, 1504, мермер, Галерија Уфици, Фиренца

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

### Проект: СКУЛПТУРА

### Пример 1. Изработување на проект на скулптура за облагородување на одреден простор

***Прва фаза.*** Наставникот разговара со учениците за скулптурата, нејзината улога во секојдневниот живот на луѓето, видовите на скулптури (според намената, материјалот од кои се направени, мотивот, димензиите, местото на поставеност и др.). Во местото на живеење изведува прошетка и заедничко откривање на скулпторските дела во околината. Помеѓу скулптурите посочува разлики: полна пластика, релјеф, статуа, биста, споменик, фонтана, скулптури во парковите и др., , да бидат дел од архитектурата (во ентериерот или екстериерот), релјефи, обележја на спомениците на културата, украсни релјефи и резби на фасадите или во внатрешноста на верските или други објекти на кои мотивите можат да бидат фигуративни или апстрактни.

***Втора фаза.*** Учениците своите стекнати знаења треба да ги искористат за реализирање на нацрти за скулпторско дело кое би послужило за облагородување на одреден простор во родното место или училиштето. Идеите треба да произлезат од самите ученици. Соодветно на идејата (замислата) учениците цртаат скици, нацрти и проекти. Овие скици потоа учениците ги реализираат во материјал, но во мали димензии - макети во глина, картон, хартија, стиропор и др. соодветно на идејата. Притоа идејата ја трансформира од втора во трета димензија. Наставникот може да одбере 1-2 нацрти за кои учениците групно ќе изведат макета.

***Трета фаза.*** Учениците ги изложуваат макетите и нацртите во холот на училиштето.

**Пример 2. Креирање на мобил со комбинирање на техники (оригами, конструкции)**

***Прва фаза.*** Преку соодветен визуелен материјал (фотографии од енциклопедии) наставникот ги запознава учениците со поделбата на сулптурата според статичноста или подвижноста на истата на статуа и мобил.




***Втора фаза.*** Потоа наставникот ја демонстрира техниката оригами (покажува шема за оригами и превиткува форма). На учениците им нуди повеќе шеми и им предлага со формите добиени со превиткувањето на оригамите да изработат подвижна скулптура - мобил. Учениците превиткуваат оригами од разнобојна хартија, избирајќи шеми и форми од понудениот материјал, прават конструкција од прачки или пластични цевчиња (или материјал кои самите ќе го предложат), ги врзуваат со конци оригамите и создаваат облик чии делови се движат во просторот. Мобилите можат да ги збогатуваат со елементи по сопствена креација.

***Трета фаза.*** Учениците своите творби ги поставуваат во просторот на училницата, ги набљудуваат мобилите, нивните трансформации при провев и сл. Овие творби можат да ги постават и во занималните на блиската градинка.

## ГРАФИКА

***Графиката*** е област во ликовната уметност, а и назив за постапката и резултатот на користење на некоја графичка техника при реализација на уметничко дело.

Графиката е непосредна ликовна дисциплина, бидејќи таа не се создава директно со потез на подлогата (како цртежот), туку цртежот се врежува на плоча, наречена матрица, а потоа таа плоча се премачкува со боја и се отпечатува на хартија или друга подлога. Во сите графички техники, освен во монотипијата, една матрица се користи за умножување, односно добивање на повеќе исти примероци.

### АЛАТ И ПОМАГАЛА

За изработка на графичкиот лист графичарот користи алат и помагала кои се разликуваат во однос на графичката техника во која се изразува. Алатот се специјални длета за режење, длабење и гребење, гумени валјаци и шпакли за нанесување на боја, боја, графичка машина - преса која може да биде механичка или електрична, компјутер, печатач. За одредени графички техники се користат и киселини со помош на кои се нагризуваат металните плочи - матрици за длабок печат, сита за сито печат и др.

## ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ

### ПОДЕЛБА НА ГРАФИЧКИТЕ ТЕХНИКИ

Според процесот и постапките на печатење на графиката постои општа поделба на четири графички техники, и тоа висок, длабок, рамен печат и пропусен печат. А во секоја од овие техники спаѓаат и други графички техники кои меѓу себе се разликуваат по материјалот од кој се изработува матрицата или според алатот и постапката за работа. Како најсовремен вид на графика се смета компјутерската графика.




**ТЕХНИКИ НА ВИСОК ПЕЧАТ**

Техниките на висок печат се оние кај кои линиите и облиците кои сакаме да ги отпечатиме се на површинскиот дел на плочата (матрица), а додека меѓупросторните (вдлабнати) линии и облици не се отпечатуваат. Кај овие техники бојата се нанесува на испакнатите делови на матрицата.

**ТЕХНИКИ НА ДЛАБОК ПЕЧАТ**

За техниките на длабок печат се користат најчесто метални плочи (бакар или цинк) на кои се гравираат (режат) линиите на цртежот. Бојата се нанесува во вдлабнатите делови на плочата и во процесот на отпечатењето се пренесуваат на хартијата. Линиите на матрицата за длабок печат се врежуваат на два начина: механички (длета, игли и сл.) или хемиски (со киселини). По механички пат се изработуваат бакрорез, сува игла, меѕотинта и др., а по хемиски: акватинта, бакропис и др.

Техниките на длабок печат овозможуваат креирање на графики кои изобилуваат со линии со различен карактер, тонови и полутонови.

**ТЕХНИКИ НА РАМЕН ПЕЧАТ**

Техниките на рамен печат користат за матрица рамна плоча. Тоа се графичките техники: монотипија, литографија и др. Карактеристика на овие техники е тоа што елементите кои се отпечатуваат и не се отпечатуваат се наоѓаат на иста рамнина.

**ПРОПУСТЛИВ ПЕЧАТ**

Овие техники го добиле името по тоа што матрицата ја пропушта бојата низ ситните пори, но само на местата каде уметникот тоа го одредил.

**КОМПЈУТЕРСКА (ДИГИТАЛНА) ГРАФИКА**

Компјутерот е современо ликовно-техничко средство со кое може ликовната мисла да се материјализира на сосема нов и современ начин. Актуелизацијата на компјутерот во сите пори на човековиот живот, во сферата на науката, индустријата, печатените медиуми, условува информатиката да го заземе своето место и во уметноста.

Ликовната творба работена со помош на компјутерот добива нови и досега непознати изразни специфичности.

За оваа графичка техника се користат посебни компјутерски софтвери кои овозможуваат креирање на линии, облици и бои. Со помош на маусот се обликува и реализира ликовната идеја, а со помош на „алатките" се додаваат бои, форми. Оваа графичка техника овозможува печатење на графики во повеќе бои истовремено (без изработка на повеќе матрици за секоја боја посебно). Овој отпечаток се нарекува компјутерска графика. За отпечатување се користат печатачи (ласер или инк-џет) или плотери, а ликовната идеја може да се сочува како и секој друг компјутерски документ.

*Пример:*

**Албрехт Дирер:** *Четирите јавачи на апокалипсата*, дрворез, 1497-98

**Познати графичари:**

- Ханс Балдунг
- Албрехт Дирер
- Рембрант ван Ријн
- М. Ц. Ешер
- Франциско Гоја
- Едвард Мунх
- Огист Роден
- Џејмс Мек Нил Вистлер
- Енди Ворхол

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

**Проект: ГРАФИКА**

### Пример 1. Реализација на графика во техника на висок печат

***Прва фаза.*** Наставникот организира посета на ателје на уметник-графичар. За време на посетата учениците се потсетуваат за претходно наученото за оваа ликовна дисциплина, но пред сѐ стекнуваат нови и практични знаења за: графичко ателје, уметник-графичар, графиката како посебна графичка дисциплина, графичка техника, алат и помагала, графичка преса, скица за графика, матрица, графички лист-отпечаток, графика во една или повеќе бои и др. За време на посетата на ателјето на учениците им се демонстрира процесот на создавање на уметничко дело - графика, употребата на алатот, пресата и постапките кои се потребни за отпечатување на одредена графичка техника.

***Втора фаза.*** Во училишни услови учениците добиваат задача да реализираат матрица за висок печат - линорез, во една или две бои. Тие ја прецртуваат одбраната скица на линолеумот и пристапуваат кон режење на матрицата (ако графиката е во две бои - две матрици). Во училиштето, со наставникот, учениците отпечатуваат пробни отпечатоци и ако не се задоволни од резултатот продолжуваат со режењето.

***Трета фаза.*** Во соработка со уметникот - графичар и со негова техничка помош учениците ги отпечатуваат графиките (1-2 примероци). Откако бојата ќе се исуши пристапуваат кон потпишување на графичките листови и поставување во паспарту.

### Пример 2. Реализација компјутерска графика и користење на графички софтвери

***Прва фаза.*** Наставникот ги потсетува преку графикот за поделбата на графичките техники.




Накусо ги образложува разликите помеѓу нив и покажува оригинални графики или репродукции на графики во различни графички техники. Особено внимание обрнува на историски најсовремената графичка техника - компјутерската (дигиталната) графика. Предлага заедно со наставникот по информатика да откријат кои графички програмски софтвери се користат за изработка на компјутерска графика, на кој начин се креира и печати (принта) таков вид на графика. Овој час може да се организира во компјутерската училница на училиштето или во некое компјутерско студио.

***Втора фаза.*** Учениците со помош на наставникот по ликовно и наставникот по информатика учат и креираат компјутерска графика. Бидејќи компјутерот нуди таква

можност, учениците со мали интервенции можат да изработат и неколку варијанти на истата графика (со менување на боите, формите, композицијата, елементите). Овие графики ги сочувуваат во компјутерски персонализирани документи или, ако постои можност, ги отпечатуваат во училиштето.

***Трета фаза.*** Графиките се префрлаат во програмот Pauer point и се подготвува презентација на графичката продукција на учениците која може да се прикаже пред поширок аудиториум (родители, наставници, гости) или да се префрлат на веб-страницата на училиштето.

## ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ (применета уметност)

### ДИЗАЈН

***Дизајнот*** е применета уметност и овој поим најнапред се користел како израз за создавање на архитектонски план. Зборот *Дизајн* доаѓа од англискиот збор кој означува цртеж или скица, некоја идеја изразена преку цртеж. Едноставно речено, дизајнот претставува уметничко обликување на предметите за секојдневна употреба. Во секојдневниот живот дизајнот е присутен насекаде околу нас, дури за тоа и не сме ниту свесни. Денес овој поим се користи за многу полиња и најчесто означува финализиран план или резултат од реализација на тој план. Во секојдневната употреба ги означува сите индустриски производи и предмети на масовното производство, малосеријските производи, мебел, облека, графичкиот изглед на страниците на списанијата...

### РАЗЛИКА МЕЃУ ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТ И ДИЗАЈНОТ

Во принцип како и ликовните уметности, и дизајнот како применета уметничка дисциплина се занимава со организација на визуелните елементи (линија, боја, облик и др.) на дводимензионална површина (графички дизајн, веб-дизајн) или во тридимензионалниот простор (архитектонски дизајн, индустриски дизајн). За разлика од сликарството, графиката и скулптурата, кои како уметнички активности се одвиваат во музејско-галериски услови во кои е нагласена слободната размена на уметнички добра помеѓу уметникот и публиката, дизајнот го има своето место во протокот на симболичен и финансиски капитал, а во современото општество учествува во сè посложениот комуникациски процес и во трговијата помеѓу произведувачот и купувачот. Денес границата помеѓу дизајнот и ликовните уметности речиси и да не постои.

### ИСТОРИЈА НА ДИЗАЈНОТ

Предметите отсекогаш биле украсувани. Сè до појавата на индустрискиот дизајн не постоела разлика во создавањето на предметите за секојдневна употреба и скулптурата, обата биле индивидуални производи. Влијанието на автономната фигуративна уметност во создавањето на предметите за секојдневна употреба било спонтано и логично.

Во оној момент кога производството станува индустриско, обликувањето на предметите престанува да биде уметност. Така доаѓа до поделба на уникатни (создадени во уметничките работилници) и индустриски производи (индустријски дизајн). Индустриските производи биле ослободени од претераното украсување кое се сметало за кич.

Периодот на интензивно појавување на изуми кое и денес трае започнал во 18 и 19 век. Тие изуми имале научна намена и по облик биле безоблични и изгледале доста наивно.

На крајот на 19 век во Англија се јавува идеја за поврзување на уметниците и индустриското производство за да се уништат имитациите и кичот. Спојувањето на уметноста и производството го започнал Вилјам Морис. Неговото влијание се чувствува во Минхен. Подоцна Валтер Групиус ја основа специјализираната школа за обликување-Баухаус (во Веимар 1919). Под влијание на модерните уметности (експресионизам, кубизам и други апстрактни уметности) обликувањето добива поинакво значење-постигнување на функционалност на предметот преку креативен чин. Начелата на индустрискиот дизајн на Баухаусот важат и денес: единство на намената (функција), почитување на материјалот и процесот на сериското производство.

**ПОДЕЛБА НА ДИЗАЈНОТ**




*Примери:*

**Вилхем Вагенфилд,** столна ламба ВГ 24, 1924

Соковникот на **Филип Старк**

**Герит Ретвелд,** стол инспириран од уметничкиот правец *Де Стил*

## ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ

***Применетата уметност*** е поим кој се користи за сите видови на уметност кои опфаќаат обликување на предмети со практична употреба. Тоа е поширок назив за уметничкото приозводство или декоративната уметност. Во минатото кога не постоеле фабрики, туку само занаетчиски работилници, предметите (орудија, оружје, накит, облека, садови, покуќнина и др.) ги произведувале рачно занаетчиите-мајстори и притоа се труделе тие предмети да бидат со што попривлечен облик и да бидат украсени. Делата кои настанале со рачна индивидуална работа ги нарекуваме ***уникати*** и тие имаат посебна вредност.

Применетите уметности ги делиме на: текстил (везење, плетење, ткаење и др.), внатрешно уредување (ентериери), костимографија, сценографија, применета скулптура, применето сликарство, применета графика.

- ***Применетото сликарство*** служи за декорирање и украсување на некој простор, градба, предмет за секојдневна употреба или книга. Техники кои начесто се користат за таа намена се: мозаикот, фрескосликарството, витражот и илуминирањето на книги. ***Илустрацијата*** е пропратен сликовен додаток на некој текст и може да биде облик на применета графика или применето сликарство).
- ***Применетата графика*** се појавила како потреба за огласување кое прво го извршувале гласниците, подоцна со запишување на камени плочи (на пр. Хамурабиевиот законик, Вавилон), а во модерното време покрај текстот се поставувала и слика, па се создал плакатот. ***Плакатот*** се состои од слика (едноставна, но привлечна и лесна за паметење) и текст (кој треба да биде кус, едноставен и јасен, а буквите читливи). Плакатите најчесто ги работеле уметници, па тие имале вредност на слика или графика. Биле изработувани во графичките техники литографија или сито печат. Првите уметнички плакати датираат од почетокот на 20 век и ги изработувал Хенри Тулуз-Лотрек. Денес плакатите ги изработуваат графичките дизајнери и наместо цртеж или слика користат и фотографија.
- ***Применетата скулптура*** отсекогаш била поврзана за релјефното украсување на градбите, мебелот и други предмети за секојдневна употреба. ***Керамиката*** е поим кој ги означува сите предмети изработени од печена глина (грнчарство, фајанс, каменина и порцелан). Првото керамичко дело се јавува уште во младото камено време, а керамиката се усовршила во делата на старите цивилизации: Месопотамија, Египет, Грција и Рим. Најголемиот уметник на 20 век Пабло Пикасо бил многу успешен керамичар.
- ***Сценографијата*** е вид на применета уметност која се занимава со уредување на сцените во театарот (или филм) и е стара профессија исто толку колку и самиот театар. ***Сценографот*** ја уредува театарската бина (сцена) со кулиси кои, пак, треба да го доловат просторот или амбиентот во кој се случува дејствието на претставата. Освен кулисите кои се изработуваат

од разновиден материјал (хартија, платно, картон или даски), сценографот додава и делови од мебел, клими, слики и др. Сценографот е ликовен уметник кој најпрво прави нацрт за сцената, потоа макета, ги одредува кулисите, па дури тогаш започнува со подготовките, ги отсликува и прилагодува на дејствието на претставата. Театарската сцена може да претставува улица, ентериер, пејсаж и сл. зависно од местото и времето во кое се одвива дејствието. Добрата сценографија е многу важна за општиот впечаток и успех на претставата, музичкиот фестивал или филмот.

- ***Костимографијата*** е, исто така, врзана за театарот и филмот, а се состои во изработка на костими за театарските претстави и за филмовите. Костимограф е занимање кое бара од уметникот да ги креира костимите соодветно на времето од кое потекнуваат. Како и сценографот, костимографот најпрво ги прави нацртите за костимите, а потоа ги шие со помош на шивачите.
- ***Дизајнот и ентериерот.*** Архитектите или дизајнерите се занимаваат со уредување на ентериерите во кои го минуваме поголемиот дел од животот и токму поради тоа е значајно како тој простор ќе изгледа. Добро проектиран и уреден ентериер може да го направи животот подобар и попријатен, а со тоа престојот на работното место или училиштето поугоден. Секоја просторија треба да се уреди соодветно на намената која ја има. Дизајнерот во својот нацрт мора да го предвиди секој детаљ (бојата на ѕидовите и завесите, материјалот, мебелот, до украсните предмети и расветните тела) и сè да поврзе во хармонично и единствена целина, да ги почитува желбите на нарачателот, но секогаш да го избегнува кичот.

## ФОТОГРАФИЈА

***Фотографијата*** е техника на хемиско или дигитално запишување на призорите од реалноста врз слој на материјал кој е чувствителен на светлината која паѓа на него. Зборот доаѓа од грчките зборови кои означуваат светлина и перце (кист) кои, пак, заедно приближно значат „цртање со помош на светлината". ***Фотоапарати.*** „Камера опскура„ (лат. мрачна комора) е кутија чии внатрешни ѕидови не допуштаат рефлексија на светлината (обоени со мат црна боја или прекриени со црн филц) на едната страна на кутијата е избушено многу мало дупче. низ тој ситен отвор светлосните зраци однадвор влегуваат во мрачната комора и ја проектираат сликата на мотивот пред камерата во внатрешноста на кутијата. Доколку во таа мрачна комора се постави фотосензитивна површина (чувствителна на светлина), а која може да биде хемиски (фотографски филм) или дигитален (сензор), може да се направи снимка на мотивот.

Мрачната комора е основа за сите денешни камери (фото-апарати, кино, видео или дигитални камери) и таа е присутна како составен дел на сите современи камери и го претставува просторот помеѓу објективот и фотосензитивната површина на која се снима.

Освен оваа техника, постојат и други начини како можат да се добијат фотографии, како ***фотограмите*** или ***рајографиите*** (според фотографот Ман Рај, кој често ја користел оваа метода) или фотокопии (ксерографии) и скенови. Рајографијата се изработува така што во темна комора (замрачена соба) директно врз фотосензитивниот слој како мотив се поставува некој предмет, а потоа се осветлува, па сликата ја создаваат сенките на мотивот и рефлексиите на светлината.

Повеќето апарати за фотографирање имаат можност за подесување на следните вредности:

- ***фокус*** (преку кој се изострува проекцијата на мотивот);
- ***бленда*** (отвореност на објективот);
- ***експозиција*** (времетраење на пропуштањето на светлината низ објективот).

Освен тоа, фотографот може да одбере:

- ***објективи со различни фокусни вредности*** (зависно какво зголемување на мотивот сака да добие на снимките); и
- ***филмови со различна чувствителност*** (на која е одредено количеството на светлина потребна за некој мотив да може да се сними).

Постојат автоматизирани фотоапарати (т.н. „идиоти”) со вграден микропроцесор кој проценува и пружа најдобра комбинација за добивање на успешна снимка.

## ИСТОРИЈА НА ФОТОГРАФИЈАТА

Како што претходно рековме мрачната комора е претходник на фотографијата. Меѓутоа, проблемот кој требало да се реши бил: како да се задржи сликата на некоја подлога. Впрочем, познати биле материите кои при дејство на светлината ја менувале бојата и кои со мрачната комора давале фотографии, но тие не биле трајни.

Овој проблем го решил во 1825 година Никифор Нипс. Неговата метода барала повеќечасовна експозиција (изложеност) на силна сончева светлина. Сепак, неговата метода не се покажала како многу успешна, па тој во партнерство со парискиот сликар Жак Дагером (Jacques Daguerreom) покренал истражување на нови методи. Во 1839 Жак Дагером најавил дека пронашол начин за добивање на перманентен позитив. Тој изум е наречен ***дагеротипија,*** а француската влада веднаш го откупила изумот и овозможила секој заинтересиран да може да го усовршува.

Истовремено во Англија Вилјам Фокс Талбот открил друга постапка наречена ***калотипија*** што подразбирало постоење на негатив од кој можело да се добие неограничен број на позитиви.

Во наредниот период фотографите ја усовршувале оваа постапка, но се верува дека најголем технолошки скок постигнал Џорџ Истман кој го измислил фотографскиот филм т.н. лента со фотосензитивен слој. Првите Кодак фото - апарати имале вграден филм. За развивање било потребно да се однесе во Кодаковите работилници целиот апарат, а по развивањето повторно се земал назад со нова вградена ролна филм. Подоцнежните апарати му овозможувале на сопственикот сам да си ги менува и развива филмовите. Во 1925 година на пазарот се појавил првиот Лајка-апарат чија ролна била широка 35 мм, што било помалку од дотогашните големоформатни апарати. Лајката го поставила и стандардот, кој важи и денес, за форматот на фотографиите со пропорции на страните 2:3.

Следен чекор било откривањето на фотографијата во боја. По неколку повеќе или помалку успешни обиди во 1935 година бил пуштен во масовно производство првиот модерен филм во боја Кодахром.

Појавата ***на дигиталниот апарат*** им овозможила на фотографите кои работеле на терен (новинарите дописници) и кои немале во близина лаборатории за развивање на филмовите реализација на фотографии кои можеле да ги развиваат во мини лаботратории или нивен брз трансфер преку Интернет и сл.

Во 1981 година Сони ја создава првата камера за која не бил потребен филм, туку користела диск; а во 1990 година Кодак ја создава првата комерцијална дигитална камера.

## ФИЛМ

***Филмот*** (филм на англ. значи кожичка, мембрана, тенок слој) е визуелна проекција во движење која најчесто е озвучена. Како и другите уметности и филмот е наменет за публиката. Филмовите честопати се гледаат во посебни простории за проекција (киносали) или на други места (видео, ДВД). Филмот често се нарекува и ***седма уметност.*** Филмското дело е целина со општествено целисходен филмски производ. Филмот и ***кинематографијата*** се проучувани од хуманистичко-научната дисциплина ***филмологијата.***

### ИСТОРИЈА НА ФИЛМОТ

- ***Нем филм.*** Во Париз во 1895 година е прикажан филмот на браќата Лумиер: „Излегување на работниците од фабриката”. Тоа била првата филмска претстава на светот. Траела само неколку минути. На проекцијата присуствувал и Жорж Меле (Georges Méliès) кој инаку се смета за „татко на анимацијата”.
- ***Звучниот филм,*** односно истовременото одвивање на сликата и тонот го овозможиле фотостаниците. Првиот звучен филм е прикажан 1927 година во Америка и имал наслов: „Џез пејач”. Главна улога имал глумецот Ал Џонсон, но само деловите со музички точки биле со звук.

**Филмски жанрови:**

- Биографски филм

- Историски филм
- Комедија
- Криминален
- Вестерн
- Љубовен филм
- Мјузикл
- Драма
- Авантуристички филм
- Трилер
- Научнофантастичен (СФ)
- Хорор
- Документарен филм
- Експериментален филм
- Краткометражен филм
- Едноминутен филм

**Професии вклучени во создавањето на филм:**

- Режисер
- Сценарист
- Продуцент
- Снимател
- Монтажер
- Глумци
- Композитор
- Шминкер
- Костимограф
- Маскер
- Кастинг директор
- Лице задолжено за односи со јавноста

## ПРИМЕРИ НА АКТИВНОСТИ

### Проект: ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ

### Пример 1. Реализирање на дизајн за конкретна потреба на училиштето

***Прва фаза.*** Наставникот им предлага на учениците практично да реализираат неколку идејни решенија за одредена пригода за потребите на училиштето. Доколку се работи за јубилеј или патронен празник на училиштето, тој ги дели учениците на неколку групи. На пример: едната група изработува идејно решение за лого на училиштето - јубилејот, друга група изработува плакат, трета покани за прославата, четврта е задожена за уредување на бината, петта за уредување на изложбата во холот.

***Втора фаза.*** Учениците творат по групи, но не е исклучена и соработката и помошта меѓу групите. Наставникот ги насочува, им дава совети и ги мотивира. Поканите можат да се изработат и во компјутерската училница, а плакатот може да содржи и фотографии кои учениците самостојно ќе ги изработат. Во уредување на бината и изложбата можат да учествуваат сите ученици.

***Трета фаза.*** Бидејќи за време на работата: од планирањето до реализацијата наставникот настаните ги фотографира, од тие фотографии, но и од ученичките „бисери” и анегдоти се прави заеднички хамер кој се поставува во училницата по ликовно или во холот на училиштето.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### ЛИКОВНА ТЕОРИЈА:

- ученикот ги знае фазите во изработката на проект од ликовната теорија;
- ги планира активностите, ја почитува временската рамка и ги следи фазите за извршување на проектот;
- способен е самостојно да истражува, открива, решава зададени проблеми, самостојно донесува решенија;
- покажува презентерски вештини при презентации на сопствен или групен проект пред учениците и пред поширок аудиториум;
- активно ги поврзува истражувачката работа и ликовното творештво.

### ЛИКОВНА ПРАКТИКА:

- ученикот изработува самостојно или во група ликовно дело од одредено ликовно подрачје (цртеж, слика, скулптура, графика, дизајн);
- покажува сопствен стил и афинитети кон одредено ликовно подрачје;
- за сопствените креации користи традиционални и современи ликовни материјали и техники;
- применува графички софтвери во реализацијата и презентацијата на творбите од уметноста;
- ги разбира и користи ликовните поими.



ISBN 978-608-206-001-9